„Кога некој од вас зева, нека ја покрие устата со раката, во спротивно, влегува шејтанот.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога некој од вас зева, нека ја покрие устата со раката, во спротивно, влегува шејтанот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, укажал дека оној што зева – било од мрзливост, прејаденост или поради нешто друго – треба да ја стави раката на устата и да ја затвори со неа. Зашто, ако устата остане отворена, шејтанот влегува, а ставањето на раката го спречува тоа.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5280